РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-372/4
17-06-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6 - та седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Предметот заведен под број 09-372/1 од 24.01.2024 година против службеното лице --------, директор на ЈОУДГ ------- и член на Училишниот одбор на СОУ ---------, **СЕ ЗАПИРА.**
ДКСК утврди дека не е констатирана повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-372/1 од 24.01.2024 година е оформен по сопствена иницијатива на колегиум на ДКСК, одржан на ден 28.12.2023 година, согласно член 17 став (1) точка 10 и 12 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, според кој Државната комисија ја евидентира и следи имотната состојба и интересите и врши проверка на податоците од поднесените изјави за имотна состојба и интереси.
Имено, по извршена проверка на поднесениот образец Изјава за интереси од страна на лицето ------- со бр. 09-2493/1 од 18.03.2022 година, како и проверка во Централниот регистар на РСМ и сопствената евиденција на поднесени обрасци Анкетен лист и Изјава за интереси, Државната комисија утврди дека лицето покрај тоа што ја врши функцијата директор на ЈОУДГ ---------- во исто време ја врши и функцијата член на Училишниот одбор на СОУ ---------, по што вака констатираната состојба е спротивна на член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Со цел проверка на податоците пријавени во образецот Изјава за интереси од страна на лицето --------, ДКСК се обрати до наведеното лице со Известување и барање на информација бр. 09-372/2 од 06.02.2024 година, за да ги прибави актите за избор/именување или разрешување од двете функции: директор на ЈОУДГ ---------- и член на Училишен одбор на СОУ --------.

Врз основа на доставеното Известување бр. 09-372/3 од 20.02.2024 година од страна на -------, ДКСК констатира дека истата повеќе не ја извршува функцијата член на Училишниот одбор на СОУ -------- односно со акт -Решение за разрешување бр.08-630/24 од 14.03.2022 разрешена е од извршување на оваа функција.

Лицето ----------- ја извршува функцијата ВД директор на ЈОУДГ ---------- од 23.02.2022 година, именувано со Решение од градоначалникот на општина -------- бр. 09-526/1 се до 12.01.2023 година, кога е именувана за директор на истата јавна установа со Решение бр. 09-104/1 од страна на градоначалникот на општина -------------.

По анализа на добиената документација и утврдување на фактичката состојба, ДКСК заклучи дека не е констатирана повреда на член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, бидејќи лицето --------- не извршувала две функции во исто време, по што ДКСК нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател,

Татјана Димитровска

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: М.М – соработник
Контролирал: К.З - раководител

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk